Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница одржана на 27.10.2022 година, согласно член 37 став 1, алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), член 63 став 1 и 2, член 65 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по Иницијативата за донесување на начелен став, поднесено од Друштво за експлоатација и преработка на гранит и мермер КАРИКА ДОО П. преку полномошник Зоран Гичев, адвокат од Ш., го усвои следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Иницијативата поднесена од Друштво за експлоатација и преработка на гранит и мермер КАРИКА ДОО П. преку полномошник Зоран Гичев, адвокат од Ш., заведена под Су-03.бр.400/22, со предлог Општата седница да утврди начелен став, **СЕ ОТФРЛА.**

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите „Службен весник на РМ“ бр. 58/2006, 35/2008, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 27.10.2022 година расправаше по Иницијативата за утврдување на начелен став Су-03.бр.400/22 поднесена од Друштво за експлоатација и преработка на гранит и мермер КАРИКА ДОО П. преку полномошник Зоран Гичев, адвокат од Ш..

Во иницијативата подносителот предлага Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија да донесе начелен став по однос на член 39 став 2 од Законот за минерални суровини („Службен весник на РМ“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15 и 195/12), а поради погрешна примена на оваа одредба од органите на управата, Управниот суд и Вишиот управен суд.

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите, Врховниот суд на Република Македонија на Општа седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија постапувајќи по Иницијативата утврди дека истата е поднесена од правно лице преку полномошник - адвокат, а не од субјект кој согласно погорецитираната одредба е овластен за ова.

Имајќи го превид изложеното, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија најде дека иницијативата Су-03.бр.400/22 треба да се отфрли од причина што не е поднесена од овластен субјект, согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите.

Врховен суд

на Република Северна Македонија

Општа седница